**Superbrand производ**
Стоби Флипс на Витаминка

**Настани**
Појадок на мост

**Спонзорства**
Дино Мерлин, Боб Дилан, 50 Cent, Били Ајдол

# ИНФОРМАТОР

бр.1

## ЗА ПОЧЕТОК

Обраќање на генералниот менаџер

## НОВО КАЈ НАС

Нови производи
Награди

## ПРИЈАТЕЛИ

Интервју со Тодор Гечевски



# СОДРЖИНА




3.
Обраќање
Обраќање на генералниот менаџер
на Витаминка

4.
За Почеток
Клучни информации за Витаминка
Superbrand производ - Стоби Флипс
Инфо Плус

5.
Ново кај нас
Нови производи
Награди
76 Меѓународен саем во Нови Сад

6.
Витаминка беше на...
Едукативна тура
Појадок на мост

7.
Спонзорства
Дино Мерлин
Боб Дилан
50 Cent
Били Ајдол

8.
Витаминка и пријателите
Интервју со кошаркарот
Тодор Гечевски

9.
Дали сте знаеле дека...
Рецепт
Интересни факти од Гинисова книга
на рекорди

11.
Производство
Секојдневието на
Витаминка









# Обраќање на генералниот менаџер



Почитувани колеги,

**Витаминка** од своето формирање во 1956 до денес има континуиран развој во своето работење, ценејќи по бројот на вработени, приходите, асортиманот градејќи позитивно мислење и доверба кај потрошувачите и пошироката јавност. Заложбата за професионално работење по сите стандарди и квалитетни производни процеси ја донесе Витаминка на позицијата **лидер во прехранбената индустрија во Македонија**. Воедно овие постигнати децениски резултати се влог кој во иднина треба со заеднички напори да го надградуваме и негуваме.

Би сакал со вас да ја поделам радоста за мојата промоција во генерален менаџер на овој успешен тим и да ја истакнам одговорноста што ја носам за продолжување на успесите на Витаминка. Мојата задача е нашата компанија да остане на вистинскиот пат, нудејќи им на потрошувачите асортиман кој се одликува со високо квалитетни производи по фер цени притоа правејќи им заштеда на потрошувачите. Стратегијата на Витаминка во претстојниот период ќе биде и понатаму фокусирана на интензивен настап на странските пазари со целокупната производствена програма, инвестиции во технологија која ќе ги подигне продуктивноста и ефикасноста, и континуиран развој на вработените

Нашиот добро познат слоган **„свет на вкусови“** е она што потрошувачите го знаат за Витаминка, но на мое огромно задоволство би додал и „свет на пријатели“. Свет кој функционира успешно преку знаењето и енергијата кои ги синтетизираме во тимска работа за реализација на плановите на компанијата, воедно исполнувајќи ги сопствените можности и амбиции. Мојата, а се надевам и ваша мотивација овој „свет на пријатели“ да остане постојан, е голема.

Ваш искрено,
**Сашо Наумоски**

*Генерален менаџер на Витаминка АД Прилеп*

> *Мојата задача е нашата компанија да остане на вистинскиот пат, нудејќи им на потрошувачите асортиман кој се одликува со високо квалитетни производи по фер цени притоа правејќи им заштеда на потрошувачите.*


IFEG

**Certificate**

**OF HACCP APPROVAL**

Granted to:

*Vitaminka, Prilep, R.Macedonia*

IFEG Denmark hereby document that the systems, processes and facilities at the above defined company have been audited and verified and found at the date of issue of this certificate to be in accordance with the standards of the HACCP system for food product safety.

**STANDARD APPLIED:**

*Codex Alimentarius*

**SCOPE:**

*Chocolate Production*

*Original date of approval: 30th March 2005*
*Date of first audit: 30th March 2005*
*Next audit to be carried out before: 1st April 2006*

DKCS Human Food Product Certification

*Date of Issue: 21st March 2005*
*IFEG Certificate #: 389-05*

*For IFEG Int. A/S - Denmark*
*Arresoevej 7, 8240 Risskov*

## Клучни информации за

- Формирана е 1956 како фабрика за производство на црвен пипер
- Во текот на годините го проширува производството во обем и во поглед на линии.
- Во 70-тите започнува производството на Стоби флипс еден од најпрепознатливите македонски брендови.
- Извезува свои производи во 25 земји низ светот
- Процесот на приватизација на компанијата е завршен во 1999 година
- Јуни 2010 година именуван е Сашо Наумоски, дипл. економист за генерален менаџер
- Денес има над 50 видови производи солени, благи, кисели и лути со што слоганот “Свет на вкусови” станува и повеќе од јасен

# Стоби флипс супербренд

Докажаниот квалитет на флипсот на Витаминка – Стоби флипс доби уште една потврда за успешност на брендот. На 30 јуни 2009 година заедно со уште 24 бреда во Македонија Стоби флипс се закити со значката Superbrand 2009 Macedonia. Значката Superbrands ја добива




брненд кој може да се пофали со значителни препознатливи емотивни и опипливи вредности. Квалитет, доверба, различност, емотивно влијание... се едни од малкуте карактеристиките на еден Superbrend а едни од многуте со кои може да се пофали Стоби флипс.

*На 30ти март 2005 година П.И. „Витаминка“ А.Д. ја објави имплементацијата и сертификацијата на HACCP системот за своите индустриски операции со храна.*

## Луна – Млечно чоколадо

Новото чоколадно уживање од асортиманот на Витаминка се Луна чоколадите со крем полнење во три вкуса: млечен крем, лешник-крем и јогурт од јагода. Изработени




со современи технолошки процеси и со одбрани состојки Луна чоколадите се новитет кој ќе биде пласиран на македонскиот пазар. Во допадливо сино пакување од 100 грама ќе бидат вистински предизвик за полнење на новогодишните пакетчиња.

## Деспина – интегрален кекс со овесни снегулки

За прв пат Витаминка на пазарот лансира производ во категоријата здрава храна. Деспина се интегрални кекси со овесни снегулки, богати со природни диетални влакна. Претставуваат совршен баланс на здраво и вкусно. Ги опиваат сетилата со крцкавиот звук и шармантниот дискретен вкус на мешавина на апетисани. Во пакување од 210 грама со современ дизајн Деспина е убаво освежување за сите кои внимаваат на своето здравје а се љубители на слатки.




## Чоколадо Чоко-Кидс

Традицијата, умеењето и љубовта ги обликуваат чоколадните производи на Витаминка. Палетата на чоколадни производи наменета за дечиња од скоро е побогата за уште еден производ „Чоко-Кидс“. „Чоко-Кидс“ е млечно чоколадо произведено со современа технологија од внимателно одбрани и рафинирани состојки. Во весела амбалажа во зелени нијанси и илустрација на две дечиња и пакување од 15 грама е радост која мора да се повтори.

## FRESH бонбони

Микс од јак и освежителен вкус со ароми на лимон, ментол и ванила е описот на новата бонбона *FRESH* од „Витаминка“. Бонбоната е диететска и не содржи шеќер и веќе може да се најде низ повеќето продавници низ Македонија. За возрасните а и за децата овие бонбони се вистински освежување reFRESHment.

# Награда

Награди на 76 Меѓународен




саем во Нови Сад

Традиционално беспрекорниот квалитет и одличен дизајн на производите на Витаминка беа препознаени и признаени, а дел од производите освоија вредни награди на 76-тиот Меѓународен саем  во Нови Сад. Наградите Златен Медал ги освоија производите „Витанез“ 620 гр. и „Фрути Јафа“ од 125 гр, додека пакувањето од 350 гр. од чајното пециво „Мелоди“ прелиено со вистинска чоколада го доби престижното признание Голем Златен Медал.
Со ова уште еднаш беше наградена посветеноста на Витаминка постојано да се надградува и да биде најдобра.



# Општествена одговорност

## Едукативна тура Frutti




**Витаминка се грижи за најмладите!**

Едукативни тури коишто беа наменети за запознавање со процесот на производство на **Frutti** на забавен и допадлив начин беа организирани за учениците од основното училиште Гоце Делчев на 19 ноември годинава. Прошетката низ погоните го задржа вниманието



на децата и успеа да им го долови процесот на производство, на едноставен, лесен и интересен начин.

Децата посетители, есенскиот ден го искористија за прошетка низ производствените простории на Витаминка и дополнително се запознаа со производен процес на Frutti.
Технологот, кој ја одигра улогата на водич, ги објасни и одговори сите прашања на учениците, дозволувајќи им одблиску да ги погледнат елементите на производството и да се запознаат со процесот.

Пријатната прошетка на впечатлив начин беше завршена со подарок за секое дете, а нивното воодушевување беше на обострано задоволство.



## Појадок на мост

Повеќе од 2 000 Скопјани утрово појадуваа на Каменииот мост во рамките на манифестацијата **„Појадок на мост“** по повод христијанскиот празник Пресвета Богородица – заштитничка на градот.

Градоначалникот Коце Трајановски кој појадуваше во друштво на амбасадорката на Холандија Симоне Филипини им посака пријатен доручек на присутните на македонски, албански и англиски јазик.



**Мелоди, Грација, Стоби флипс, Чоко стоби флипс беа само едни од Производите од асортиманот на Витаминка кои можеа да ги вкусат присутните на овој настан.**



# Спонзорства

## Концерт на Дино Мерлин во Метрополис Арена

Зборот **делириум** беше најсоодветен за да се опише атмосферата на концертот на една од најголемитеексју-звезди - **Дино Мерлин** кој се одржа на 18ти септември во Метрополис Арена на Скопскиот саем.
Тричасовното хорско пеење и рацете во вис на десетилјадната публика на најголемите хитови: “Свуда бехар пробехарао”, “Супермен”, “Годинама”, “Умри прије смрти”, “Кремен”, “Кад си рекла да ме волиш”, “Кад човјек воли жену”, “Лажу ме”, “Кад замиришу јоргovани”, “Све је лаж”, “Открит чу ти тајну”итн, беа само уште една потврда за неговиот повеќедецениски статус на вистинска музичка звезда.
Дел од овој фантастичен концерт беше и нашата компанија „Витаминка“ како пријатели на Дино Мерлин и македонската публика.

## Били Ајдол го слушна и Македонија

Уште еден голем спектакл кој „Витаминка“ го поддржа беше концертот на рок - иконата **Били Ајдол**, што се одржа на 20 јуни. Деведесетминутното шоу кое разбуди многу спомени и сеќавања на средношколските забави и студентските забави го стартуваа „Психомодо поп“ кои беа достојно загревање за концертот кој беше дел од европската турнеја на Били Ајдол. А тој, иако 55 годишен, изгледаше како најенергично момче, отворајќи ја вечерта со „Ready Steady Go“ од времето на „Генерација икс“. Фантастичниот Били кој беше во одлична форма двапати се пресоблече, свиреше на гитара, се симна во публиката која ја пофали, ги почести оние во првите редови со подароци, зборуваше меѓу песните, неколкупати ја спомена Македонија... Токму затоа **не спласна еуфоријата во публиката сè до самиот крај на концертот** на кој беше дозволен само еден бис на кој ги испеа неизбежните „White Wedding“ и „Mony Mony“.

## Легендарниот Боб Дилан во Скопје

На 4-ти јуни оваа година во Метрополис Арена во Скопје свој концерт одржа **Боб Дилан**, легендарниот американски пејач, докажан хуманитарец и борец за човекови права. Неговиот концерт беше најава за педесетото издание на **Охридско Лето.**
Боб Дилан во Скопје пристигна во склоп на светската турнеја **”Newer Ending”** која е започната на 7 -ми јуни 1988-ма година и во рамките на која до сега се одржани неверојатни 2100 концерти.
На сцената на Метрополис Арена, Дилан се појави со неговата каубојска капа, а публиката ја изненади со извонредно свирење кантри, блуз и рок ен рол на електрична гитара, оргaна и хармоника.
„Витаминка“ беше спонзор на концертот и на оваа голема светска ѕвезда која одржува по 100 концерти годишно. Во својата педесетгодишна кариера има објавено **34 студиски албуми, 10 со снимки од настапи и 12 компилации.**

## 50 Cent во Арената Борис Трајковски

**„Се чувствувам како дома. Ви благодарам што направивте да се чувствувам како број еден хип хоп артист во светот“** – беше изјавата на најголемата хип-хоп звезда на деценијата 50 Cent на концертот одржан во арената „ Борис Трајковски“ на 31 март оваа година. Публиката во салата заедно со раперот и неговата група **G- Unit** два часа пееше, ги креваше рацете, скокаше, врескаше и се забавуваше при изведбата на добро познатите Candy Shop, Just a Lit Bit, Ayo Technology, 21 Question, In da Club, но и на песните од новиот албум „Before I Self Destruct“. Раперот не остана должен и заедно со Јајо и Бенкс, соблекоа дел од својата облека и ја фрлија во публиката. Капчиња, маици, па дури и јакната на 50 Cent заврշија во рацете на македонската публика.
По двочасовното лудување, обожавателите се поздравија со 50 Cent кој со голема насмевка ја напушти сцената, откако претходно веќе се врати на еден бис. И овој спектакл беше поддржан од „Витаминка “.

# Интервју со Тодор Гечевски кошаркар-репрезентативец

**Веќе неколку години сте во дел од кошаркарската репрезентација на Македонија. Што значи за вас да се бранат боите на Македонија?**
- Да се биде репрезентативец на својата држава е исклучителен момент во кариерата за еден спортист. Долго време играм настапувам за националната селекција на **Македонија**, отсекогаш ми било чест и задоволство да играм за својата држава.

**Игравте за неколку странски клубови. Го пренесувате ли искуството стекнато таму на колегите во македонската репрезентација?**
- Се разбира, се обидувам на помладите да им помогнам во секој поглед, полесно да се адаптираат и особено да бидат похрабри во преземањето на одговорноста. Мислам дека имаме одлична комуникација, па тоа и носи **резултати на теренот.**

**Пет пати бевте прогласуван за најдобар македонски интернационалец. Што значат овие награди за Вас?**
- Имав среќа во најголемиот дел од својата интернационална кариера да бидам дел од **КК Задар**, клуб со кој освоивме многу трофеи во Хрватска и имавме успешни настапи во Јадранската Лига и Еврокупот. Ми претставува голема чест што моите настапи таму беа препознаени од нашите медиуми и кошаркарски работници, па во конкуренција на еден Перо Антиќ, Ристе Стефанов, Владо Илиевски и другите, токму јас да ја добијам оваа награда.

**Се случило ли да одигрconsiderate натпревар бранејќи ги боите на Македонското знаме против соиграч од клубот во кој играте? Ги користевте ли неговите слабости?**
- Во спортот тоа е честа слика, на ЕП во Полска минатата година, на пример, настапивме во групата против Хрватска, селекција во која играа многу мои поранешни соиграчи од Задар. Се обидувам во таквите случаи да ги спречам лесно да ги презентираат своите силни страни, но и да ги искористам евентуалните слабости.

**Што добивате од тоа што играте во репрезентацијата на РМ? Само искуство или нешто повеќе?**
- Искуството низ настапите за националниот тим беше нешто што го добивав во почетоците на мојата кариера. Повеќе од една деценија настапувам за репрезентацијата и одамна сум во ситуација јас да бидам тој што пренесува искуство на помладите.
Но, во секој поглед настапите за репрезентацијата за мене се нешто посебно, веројатно и за секој друг спортист. Чувството е неповторливо, играш за своето семејство, своите соседи, градот, нацијата. Ја чувствуваш поддршката од обичните луѓе, ги гледаш нивните лица во еуфорија по секоја победа, но ја чувствуваш и поддршката во моментите кога не оди баш најдобро. Во последниве неколку години тоа особено е изразено низ настапите во преполната арена **"Борис Трајковски"**, што е едно посебно драго и незаборавно искуство.
И кога на сето тоа ќе се надополни дружењето со останатите од националниот тим, споделувајќи го сето тоа, навистина, тоа се неповторливи и прекрасни моменти за мене.




**Како влијаеше проширувањето на семејството на Вашата кариера?**
- Секако се зголемија обврските, но тоа се слатки обврски и се обидуваме сите заедно да минуваме што е можно повеќе време заедно.

**Колку ви е важна поддршката од најблиските додека сте на теренот?**
- Непроценливо важна. Тоа е еден од основните елементи во кариерата на еден спортист, која што бара многу откажувања, меѓу другото и отсуства од семејството.

**Како го помнувате слободното време?**
- Со семејството, децата.. Тоа ми претставува најголемо задоволство. Сакам да прочитам и добра книга, а доста често, кога сум во Кавадарци ме опушта и риболовот на Тиквешкото езеро.

**Внимавате ли на исхраната?**
- Се обидувам, но немам некои проблеми со килограмите, па можам да си дозволам да јадам се што ќе посакам.

**Кои производи секојдневно ги користите во исхраната? Кој производ од Витаминка Ви е омилен?**
- Традиционалните македонски јадења ми се омилени, сакам риба и салати, но немам некој стандарден режим на исхрана. **Омилен производ на Витаминка ми се Атлантис чоколадите, исто така и Македонска супа, а за време на напорните тренинзи редовно конзумирам Цевитана.**



# РЕЦЕПТ



### Англиски колач

- 250 гр путер
- 100 гр. чоколадо за готвење Витаминка
- 100 гр. јатки од ореви
- 50 гр. суво грозје
- 2 јајца
- 170 гр шеќер во прав Витаминка
- половина прашок за печиво
- 450 гр брашно
- ванилин шеќер Витаминка

Потребно време за подготовка на овој десерт е 30- тина минути. На работната маса ги истураме оревите и со сукало убаво ги толчиме. Потоа ги ставаме во еден сад настрана. На даската за сечење чоколадата најпрво ја сечкаме на коцки, а потоа на многу ситни парчиња. И исечканите парчиња чоколада ги собираме во сад на страна. Потоа во длабок сад ставаме брашно. Во садот додаваме од исечканата чоколада, толчените ореви и сувото грозје.
Во садот додаваме шеќер, прашок за печиво и путер. Потоа кршиме две јајца и ги ставаме во садот. Со рака ја месиме содржината во садот. Потоа тестото го ставаме на работната маса и го делиме на два дела. Ја набрашнуваме работната маса и со сукалка тестото го развлекуваме, формирајќи кора со дебелина од околу еден сантиметар. со модла ги вадиме формите о дтестото и ги редиме на тава за печење. Тавата ја ставаме во рерна да се пече. Печеме 15-тина минути во претходно загреана рерна на температура од 180 степени.
Тавата со испечените англиски колачи ја вадиме од рерна и ја ставаме на работната маса. Во мала цедалка ставаме шеќер во прав и ги наросуваме англиските колачи. Готовите англиски колачи ги ставаме на чинија за послужување.



# Гинисов рекорд

Најголемата чоколадна табла направена во светот **12 Септември 2010 , Ерменија.**

Компанијата за производство на кондиторски производи **"Grand candy"** од Ерменија одлучила да ја прослави својата 10 годишнина од постоење на малку поинаков начин.



Целта им била да го срушат светскиот рекорд за најголемо чоколадо некогаш направено.

За да ја остварат тоа нивното чоколадо требало да тежи повеќе од 3580 килограми (претходниот светски рекорд).

Овој процес на производство на чоколадо на "Grand candy" Им одземал 3 **дена работа, повеќе од 5 часа мелење на како зрна, 100 килограми шеќер...**

Крајниот резултат е чоколадна табла со должина од **5.6 метри, широчина од 2.75 и висина од 25см а вкупна тежина од 4410 килограми што е за 830 повеќе од претходниот светски рекорд**



# 33 интересни факти...

Во просек, луѓето се смеат околу 15 пати на ден.

Повеќе од 20% од мажите и 10 % од жените изјавиле дека барем еднаш ја имаат заборавно нивната годишнина од брак.

Годината има 31 536 000 секунди.

99% од возачите на камиони во Индија не ги разбираат сообраќајните знаци.

TYPEWRITER е најдолгиот збор на англиски јазик кој може да се напише со буквите од горниот дел на тастатурата.

Најтежок јазик за учење е Баскиски кој што го зборуваат во северно - западна Шпанија и југо – западна Франција.

Кинеската азбука има повеќе од 40 000 букви.

111,111,111 x 111,111,111 = 12,345,678,987,654,321

Зборот КАРАТЕ значи "празна рака".

Ескимите имаат повеќе од 20 збора за снег.

Симболот "&" некогаш бил буква во Англискиот јазик.

Голфот е единствен спорт кој бил "игран" на месечината, на 6 февруари 1971 Алан Шепард удирал голф топче.



Во 1911 во Накла, Египет куче било погодено од метеор. Ова несреќно суштество е единствено кое загинало од удар од метеор.
Доколку сонцето ненадејно престане да свети на луѓето на земјата ќе им бидат потребни 8 минути за да станат свесни за тоа.

Земјата е планета со најгуст состав и е единствена во соларниот систем која не е именувана по некој митски господ.

Во 1958 САД испратија две глувчиња во вселената – Бенџи и Ласка.

Кометите се мешавина од лед и прашина кои се одделиле од некоја планета. Понекогаш ги нарекуваат и "нечисти снежни топки".
Повеќе од 1 милион Земјини планети можат да се сместат внатре во сонцето. Всушност, Сонцето е најголем објект во нашиот соларен систем

Вселенскиот брод има мотор кој тежи 7 пати повеќе од моторот на возот но може да произведе онолку коњски сили колку и 39 локомотиви.

Отпечатоците од стапала што астронаутите ги оставиле на месечината ќе останат таму неколку милиони години.



Сите земји во соларниот систем можат са се сместат во планетата Јупитер.

Во вселената никој не може да плаче. Поради гравитацијата солзите нема да течат нормално.

За време на владеењето на Петар Велики, секој руски благородник кој имал брада морал да плаќа специјална такса.

Тајланд значи "земја на слободата".

Конгресната библиотека во Америка е најголемата библиотека во светото и има 120 милиони елементи.

Проценето е дека во зградата Емпајр Стејт има отприлика 10 милиони цигли.

Палатата Ескориал изградена во 16 век за Кралот Филип Втори од Шпанија има 2673 врати.

Франклин Рузвелт е претседател кој најдолго се задржал на оваа позиција, 12 години.

Шон Конери работел како млекар, полирач на сандаци и градежник.

Тајм магазинот во 1938 го прогласила Адолф Хитлер за маж на годината.

Без очила Џон Ленон бил скоро слеп

Мона лиза немала веѓи, во тоа време немањето веѓи било во мода.

Актерот Бела Лугоси бил погребан на негово барање во неговата фамозна Дракула наметка.






Lece Koteski 23, 7500 Prilep, Macedonia ++389 48 407-407 | ++389 48 407-434
contact@vitaminka.com.mk www.vitaminka.com.mk